ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:09-141/11**

**Дата: 04.03.2014**

**ДО**
**СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија„Јосип Броз Тито“ – Скопје (во натамошниот текст СУГС „Јосип Броз Тито“), сметка на расходи на буџет на дотации (903) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година, при што е констатирано дека од дадените препораки две се спроведени, четири се делумно спроведени и една не е спроведена.

За финансискиот извештај Биланс на состојба на СУГС „Јосип Броз Тито“ за 2012 година ние не изразивме мислење, за Билансот на приходи и расходи изразивме мислење со резерва, како и мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

| *Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| ______________________ | ___________________________ |
| ______________________ | |
| ______________________ | |

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со законските, подзаконските и интерните акти на СУГС „Јосип Броз Тито“, од кои како позначајни ги истакнуваме следните состојби:

- не е извршено осигурување на градежните објекти и опремата;
- недоследности при спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата, како и не извршено запишување на правото на сопственост на локално ниво за недвижниот имот - земјиште и градежен објект и
- констатирани се одредени неправилности во примена на постапките за јавни набавки.

За утврдените неправилности дадени се препораки до одговорните лица во СУГС „Јосип Броз Тито“ со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденета е состојба за спроведени корекции на позициите за вонбилансна евиденција, искажани во финансиските извештаи во текот на ревизијата.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 9-11 заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје (во понатамошниот текст СУГС „Јосип Броз Тито“), сметка на расходи на буџет на дотации, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2009 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- М-р Снежана Мироновска, директор од 22.04.2004 до 08.02.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа

одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Училиштето/сметка на расходи на буџет на дотации (903) за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.12.2013 до 27.12.2013 година кај Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје, сметка на расходи на буџет на дотации (903) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2009 година. Од дадените препораки две се спроведени, четири се делумно спроведени и една не е спроведена (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 26.12.2013 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 4.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

4.1.1. Со увид во документацијата од спроведениот попис на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември 2012 година, ревизијата констатира дека не се преземени мерки и активности за целосно спроведување на пописот согласно одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- не е изготвен Акт за формирање на комисија за попис;
- не се изготвени пописни листи и Извештај за попис за постојаните средства (земјиште, градежни објекти и опрема), како и на материјалите и ситниот инвентар;
- изготвен е Извештај за попис на паричните средства, побарувањата, обврските, но не е приложен Акт за усвојување на истиот од надлежниот орган;
- извршен е попис на книгите за 2011 година, но во пописната листа не е внесена вредноста на истите и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и не е воспоставена материјална евиденција на книгите во библиотека.

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за потврдување на реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на СУГС „Јосип Броз Тито“ да преземе активности за правилно спроведување на пописот согласно законските прописи.

4.1.2. Во Конечниот извештај за извршената ревизија за 2009 година, во однос на евиденцијата на земјиштето со кое располага и управува СУГС „Јосип Броз Тито“, овластениот државен ревизор даде препорака за комплетна реализација на отпочнатите активности за утврдување на целокупната површина на земјиштето дадено на користење на училиштето и обезбедувањето на имотни листи, како и утврдување и евидентирање на неговата вредност. Со ревизијата констатиравме дека во финансиските извештаи за 2012 година евидентирано е земјиште и градежни објекти во вкупен износ од 484.600 илјади денари и презентиран е Пописен лист со незапишани права број 9120, за кој е потребно дополнително утврдување и упишување на правото на сопственост, односно користење. Истотака не е извршен попис на земјиштето и градежните објекти, што не е во

согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што не бевме во можност да ја потврдиме површината на земјиштето, вкупните градежни објекти со кои располага СУГС „Јосип Броз Тито“, како и евидентираната вредност на ден на 31 Декември 2012 година.

**Препорака:**
Одоговорното лице на СУГС „Јосип Броз Тито“ во соработка со надлежните органи, да ги продолжат активностите околу утврдувањето на точната површина на земјиштето кое е дадено на користење на гимназијата и обезбедувањето на потребната документација. По завршувањето на овие активности да се спроведат корекции на соодветната позиција во Билансот на состојба.

**4.2. Користење на средства согласно законските прописи**

**Јавни набавки**

4.2.1. Извршивме ревизија на постапките за јавни набавки и утврдивме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки во вкупен износ од 1.214 илјади денари. За констатираните состојби детално е известено во точка 4.2.1. од Конечниот извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет од самофинансирачки активности (787) за 2012 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на СУГС „Јосип Броз Тито„ да превземе мерки и активности за надминување на утврдените состојби и доделувањето на договорите за јавни набавки да се врши согласно законската регулатива.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти од изнесените констатации во точките 4.1. и 4.2. чие влијание се одрази врз изденото мислење од страна на ревизијата се недоследности при спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата, како и не извршено запишувањето на правото на сопственост на Град Скопје за недвижниот имот - земјиште и градежен објект и недоследности при набавката на стоки, услуги и работи.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на расходи на буџет на дотации (903) на ден 31 декември 2012 година, додека во Билансот на приходи и расходи, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1., резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Средното училиште на град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје сметка на расходи на буџет на дотации (903), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2012 година, кои субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2012 година, а како ефект од корекциите се зголемува вкупната вонбилансна актива и пасива во Билансот на состојба за 2012 година за износ од 5.563 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 67 од 12.12.2013 година, а се однесуваат на извршени инвестиции на дел од просторот во објектот на СУГС „Јосип Броз Тито„ од страна на закупецот кој го користи истиот согласно склучен договор за закуп.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | | **2011** |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 47.547 | | 46.259 |
| **Вкупно приходи** | | **47.547** | | **46.259** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 38.680 | | 39.531 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 8.867 | | 6.728 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **47.547** | | **46.259** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **47.547** | | **46.259** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | | **2011** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | - | | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 4.658 | | 6.213 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.658** | | **6.214** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 456.300 | | 456.300 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 33.692 | | 35.162 |
| **Вкупно постојани средства** | | **489.992** | | **491.462** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **494.650** | | **497.676** |
| **Вонбилансна актива** | 4.3. | **5.563** | | |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 1.380 | | 2.977 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.2. | 3.278 | | 3.236 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.3. | - | | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.658** | | **6.214** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 489.992 | | 491.462 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **489.992** | | **491.462** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **494.650** | | **497.676** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **5.563** | | - |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________

____________________

____________________

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **491.462** | - | **491.462** |
| **Зголемување по основ на:** | **1.768** | **239** | **2.007** |
| Набавки | 128 | 239 | **367** |
| Ревалоризација на капитални средства | 1.640 | - | **1.640** |
| **Намалување по основ на:** | **3.238** | **239** | **3.477** |
| Отпис на опрема | 36 | - | **36** |
| Амортизација | 3.202 | - | **3.202** |
| Даден ситен инвентар во употреба | - | 239 | **239** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **489.992** | - | **489.992** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*